**20261783024**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 7-д став 5 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 288/21, 170/24 и 101/25), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на издавање и одземање на одобрението за превоз на опасни материи во патниот сообраќај.

Член 2

Превозникот за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај поднесува барање за добивање на одобрение за превоз на опасни материи до Министерството за транспорт.

Барањето за добивање на одобрение ги содржи следните податоци: назив и седиште на превозникот, даночен број и адреса, податоци за моторните и приклучните возила наменети за превоз на опасни материи, податоци за вработени возачи кои поседуваат сертификати за стручно оспособување на возачите за превоз на опасни материи и податоци за советникот за безбедност при превоз на опасни материи кој го имаат назначено.

Член 3

Кон барањето за добивање на одобрение за превоз на опасни материи во патниот сообраќај, превозникот ја приложува следната документација:

1. Копија од лиценцата за вршење на превоз на стока во внатрешниот и/или меѓународниот патен сообраќај;

2. Копија од сообраќајните дозволи на возилата за превоз на опасни материи регистрирани на име на фирмата, заверени на нотар или копија од договорот за лизинг склучен со овластен дистрибутер заверен на нотар за возилата што ги користи по овие основи:

- за возилата со ознаки „EX/II“, „EX/III“, „FL“, „OX“, „AT“ и „MEMU“, копија од уверение за испитано возило и копија од сертификатот за исправност на возилото за превоз на опасни материи, заверени на нотар и
- за возилата кои не се со ознаки „EX/II“, „EX/III“, „FL“, „OX“, „AT“ и „MEMU“, копија од ЕКМТ сертификатот за тестот за подготвеност за сообраќај на моторни возила и приколки или копија од потврда за сообразност на возилото издадена од производителот или од техничка служба согласно Законот за возила и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата заверена на нотар.

3. Копии од обрасците М1/М2 за потребниот број на вработени возачи во редовен работен однос кај превозникот и список на вработени по обврзник од ФПИО не постар од 60 дена;

4. Копии од серитификати за стручно оспособување на возачите за превоз на опасни материи во патниот сообраќај соодветни за опасните материи и видот на возилото;

5. Копија од образецот М1/М2 за лице вработено во редовен работен однос кое е назначено како советник за безбедност при превоз на опасни матери или копија од договорот помеѓу превозникот и советникот за безбедност при превоз на опасни материи за исполнување на обврските за советник за безбедност при превоз на опасни материи, заверени на нотар и

6. Копија од сертификатот за стручно оспособување на советникот за безбедност при превоз на опасни материи.

Член 4

Доколку се утврди дека превозникот при извршувањето на превозот за кој добил одобрение доставил неточни податоци потребни за издавање на одобрението, врши превоз спротивно на издаденото одобрение или престане да исполнува некој од условите за издавање на одобрението согласно Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, може да му се одземе одобрението.

Член 5

Превозник кој согласно член 4 на овој правилник престанал да ги исполнува условите за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај, најкасно во рок од осум дена од денот на престанокот треба да го врати одобрението во Министерството за транспорт.

Член 6

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на издавање и одземање на одобрението за превоз на опасни материи во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија'' бр. 162/10).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-5995/1
6 август 2026 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Александар Николоски,** с.р.